Рим 21.11 Сигурна реализација

RIM rim Italy

✈ авионски превоз



Вечниот град - РИМ

Авион / 4 дена / 3 ноќевања

Рим, не бил изграден во еден ден – и ќе ви треба повеќе од еден ден да го доживеете овој безвременски град . Вистински колаж на плоштади, пазари на отворено и неверојатни историски локалитети. Скоро 3.000 години глобално влијателна уметност, архитектура и култура... Античките рушевини, Форумот и Колосеумот, ја прикажуваат моќта на поранешната Римска империја... Ватикан, седиштето на Римокатоличката црква, со базиликата на Свети Петар и музеите на Ватикан, во кои се сместени ремек-делата на Микеланџело... Фонтана Ди Треви и фрлена паричка за среќа... Шпанските скали...

1ден 21.11 Сабота **СКОПЈЕ - РИМ**

Состанок на групата на аеродром во 15.00 часот. Лет за Рим во 17:10 часот. Слетување во Рим во 18.55 часот. Организиран трасфер до хотел од аеродромот Фиомичино... **Ноќевање**.

2ден 22.11 Недела **РИМ**

Појадок. Разглед на град, пешачки, во придружба на локален водич: Колосемуот, Римските форуми, Царскиот форум, Константинова Арка, Циркус Максимус, плоштадот Венеција.... Шпанските скали, познати како "дневна соба на градот", Фонтаната Ди Треви и легендата за фрлање паричка за повторно враќање во Рим... Слободно попладне.

Препорачуваме – факултативна, организирана прошетка низ центарот на Рим, уживање во убавините на градот: плоштадот Навона, Нептиновата фонтана и фонтаната на Четирите реки, прошетка по мостовите на Тибар, Палатата на Правдата, Тврдината Сан Ангело, остров на Тибар, каде во минатото се појавила и првата Римска Населба. Враќање во хотел со јавен превоз. **Ноќевање**.

3ден 23.11 Понеделник **РИМ - ТИВОЛИ**

Појадок. Препорачуваме факултативна посета на паркот **Тиволи** со прекрасната **Вила Д'Есте** - е најубавиот пример и симбол на италијанската ренесанса, заштитена од УНЕСКО како Светско културно наследство. Вилата е позната по прекрасните фонтани кои се вистински уметнички дела. Вечерта, препорачуваме посета на боемскиот кварт Трастевере, вистинската слика за наќниот живот во Рим, со безброј мали ресторанчиња и вкусна италијанска храна... враќање во хотел со локален превоз. **Ноќевање.**

4ден 24.11 Вторник **РИМ – Ватикан - СКОПЈЕ**

Појадок. Факултативно – организирана посета на **Ватикан**: Ватиканските музеи со восхутивачките колекции на слики, скулптури, стари мапи, Систинска капела чиј свод е украсен од Микеланџело и посета на најголемата Црква Св. Петар.... Организиран трансфер до аеродром. Полетување за Скопје во 16:20 часот. Пристигнување во Скопје во 18:05 часот.

Попуст за рана уплата до 31.10. : 479 € / 29.700мкд

и дополнителни 30 евра попуст на цената по лице

за резервации направени од 21.10. - 29.10.

ЦЕНА НА АРАНЖМАНОТ: 529 € / 32.800 мкд

ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ Е ВКЛУЧЕНО:

Авионски превоз: Скопје – Рим - Скопје со Визер

Аеродромски такси

Кабинска тоба со димензии 40x30x20 до 10кг

Трансфер аеродром – хотел - аеродром

Сместување во хотел Раели групација 3* со локација на Термини база 3 ноќевања со појадок

Организиран пешачки разглед на Рим со локален водич

Организација на аранжманот и придружник на патувањето

ВО ЦЕНАТА НА АРАНЖМАНОТ НЕ Е ВКЛУЧЕНО:

Туристичка такса 1240 мкд (се плаќа во агенција)

Доплата за чекиран багаж - куфер до 10кг / чекиран багаж - куфер до 20кг

*(цената е променлива, инфо во агенција 7 дена пред поаѓање)

Карти за локален превоз (метро)

Патничко – здравствено осигурување

Доплата за еднокреветна соба 5.900 денари

Факултативни излети:

Посета на Ватикан со локален водич и влезница 75 евра

задолжително пријавување и уплата во агенција, бројот на влезници во група е ограничен.

Посета на Тиволи со локален водич и влезница 70 евра

задолжително пријавување и уплата во агенција

Разглед на РИМ - 20 евра

Напомена:

Цените се по лице за сместување во двокреветни или трокреветни соби.

Дете од 2 до 12 год. плаќа 449 евра.

За реализација на аранжманот потребен е минимум од 20 патници.

За резервација задолжителна уплата на аванс од 30% од вкупниот износ на аранжманот.

Целосна доплата на аражманот е 10 дена пред поаѓање. Усни и телефонски резервации се невалидни.

Плаќањето е исклучиво во денарска против вредност по курс 1 евро = 62,00 денари.

За реализација на факултативните излети потребен е минимум од 15 патници. При резервација задолжително е изјаснување/пријавување кои од понудените факултативи ќе ги користи патникот како би можела агенцијата навремено да ги организира истите.

Агенцијата го задржува правото на промена на редоследот на програмата во случај на непредвидени објективни причини, како на пример застој на граница, доцнење на летот, застој во сообраќајот, затвореност на некој од локалитети предвидени за посета ...

Организаторот на патувањето го задржува правото по пат на ultra first или last minute понуда да ги објави и продаде слободните места по цени кои се разликуваат од оние кои се веќе објавени. Лицата кои го уплатиле аранжманот по редовен ценовник, немаат право на надомест на средства за разлика во цена.

Агенцијата го задржува правото на отказ на аранжманот 7 дена пред поаѓање доколку не е исполнет бројот на пријавени лица предвидени по програмата за ова патување.

Патникот има обврска пред поаѓање 24 часа да ја контактира агенцијата за потврда на точното време и место на поаѓање.

Патната исправа треба да е валидна минимум 3 месеци по завршувањето на аранжманот. Валидноста на патните исправи се обврска на патниците, при уплата на резервација должни се истите да ги приложат во агенцијата за проверка.

За овој аранжман важат општите услови за патување на ТА Терра Травел Скај.